# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.8/2012
## 04.07.2012 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на Урбана заедница 3 блок 1 Неготино**

Се објавува Одлуката за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на Урбана заедница 3 блок 1 Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/1
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10 и 18/11год.) и Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на Општина Неготино за 2012 година, Советот на општина Неготино на седницата одржана на 29.06.2012 година, расправајќи по иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 3 блок 1 Неготино ја донесе следната :

О Д Л У К А

1. Советот на Општина Неготино ја прифаќа иницијативата за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на Урбана заедница 3 блок 1 Неготино.

2. Се задолжува општинската администрација да ги изврши сите подготвителни работи за отпочнување на постапката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на Урбана заедница 3 блок 1 - Неготино.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе биде објавен во ,,Службен гласник на општина Неготино,,.

Бр.07_337/3
29.06.2012 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за прифаќање на иницијативата на „АС-ИНГ“ ДООЕЛ од Неготино, за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за една парцела за изградба на стопански објект за кп 8094/1-7 КО Неготино во Неготино**

Се објавува Одлуката за прифаќање на иницијативата на „АС-ИНГ“ од Неготино, за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за една парцела за изградба на стопански објект за кп 8094/1-7 КО Неготино во Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/2
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 13-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( „Сл.весник на РМ“ бр. 51/05,137/07,91/09,124/10,18/11 и 60/11), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 29.06.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**

1. Советот на Општина Неготино ја прифаќа иницијативата на „АС-ИНГ“ од Неготино, за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за една парцела за изградба на стопански објект за кп 8094/1-7 КО Неготино во Неготино.

2. Се задолжува општинската администрација да ги изврши сите подготвителни работи за отпочнување на постапката за изработка на Детален урбанистички план за една парцела за изградба на стопански објект за КП 8094/1-7 КО Неготино во Неготино.

3.Трошковите околу изработката на планот се на терет на инвеститорот.

4. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на општина Неготино,,.

Бр.07_337/4
29.06.2012 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за Кп.бр. 9512/3 и Кп.бр.9516 КО Неготино во Неготино**

Се објавува Одлуката за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за Кп.бр. 9512/3 и Кп.бр.9516 КО Неготино во Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/3
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11 и 53/11) и Програмата за изработка на Урбанистички планови на просторот на Општина Неготино за 2012 година, Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 29.06.2012 година расправајќи по иницијативата на „15 Јануари“ од Неготино за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП 9512/3 и 9516 КО Неготино во Неготино ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Советот на Општина Неготино ја прифаќа иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за Кп.бр. 9512/3 и Кп.бр.9516 КО Неготино во Неготино .

2. Се задолжува општинската администрација да ги изврши сите подготвителни работи за отпочнување на постапката за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП 9512/3 и 9516 КО Неготино во Неготино за изградба на полигон за обука на возачи –Е2 .

3.Трошковите околу изработката на планот се на терет на инвеститорот.

4. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на општина Неготино,,.

Бр.07_337/5
29.06.2012 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела кп.бр. 8118/1-16 КО Неготино Неготино - Општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела кп.бр. 8118/1-16 КО Неготино Неготино - Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/4
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(Сл.весник на РМ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10 и 18/11год.) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 29.06.2012 година, донесе

# ОДЛУКА

## За утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела кп.бр. 8118/1-16 КО Неготино Неготино - Општина Неготино

Член 1

Се донесува Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела КП 8118/1-16 КО Неготино - Општина Неготино

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ со тех.број 25/2012 од јуни,2012 изработен од „ИНТЕР ИНВЕСТ ИНГ„ ДОО Скопје, кој се наоѓа во просториите на Општина Неготино.

Член 3

Да се спроведе Јавна анкета и Јавна презентација на Нацрт-Планот, организирана од страна на Градоначалникот на Општина Неготино.

Член 4

Нацртот на Планот за време на Јавната анкета и Јавната презентација да биде изложен на јавно место и презентиран во јавните гласила.

Член 5

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.07_337/6
29.06.2012 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти**

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/5
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11), на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 06/11 Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 29.06.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со намена Е1 комунална инфраструктура во УЗ 9 - Општина Неготино.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура на улица „Владо Арсов Шпанац“ во Неготино предвидена согласно ДУП за Неготино со што се овозможува вклопување во планската документација на бесправно изградени објекти кои се наоѓаат непосредно до коловозот на постоечката улица.

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура на улица „Индустриска“ во Неготино предвидена согласно ДУП за Неготино со што се овозможува вклопување во планската документација на бесправно изградени објекти кои се наоѓаат непосредно до коловозот на постоечката улица.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино“.

Бр.07_337/7
29.06.2012 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за регулирање на прашањето за водата од паралелниот систем во Неготино за 2012 година**

Се објавува Одлуката за регулирање на прашањето за водата од паралелниот систем во Неготино за 2012 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/6
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ„бр.5/2002 ) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино„бр.3/06, 2/11 и 6/11 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 29.06.2012 година донесе

# О Д Л У К А
## За регулирање на прашањето за водата од паралелниот систем во Неготино за 2012 година

Член 1

СЕ ЗАДОЛЖУВА ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино да склучи договор со Водостопанство ТИКВЕШ Кавадарци за користење на вода од хидросистемот „Тиквеш" во текот на 2012 година во количина од 450.000 метри кубни по цена од 4,52 денари по метар кубен согласно Одлуката бр.02-970/4 од 20.122011 на Одборот на корисници на вода при Водостопанство ТИКВЕШ Кавадарци.

Член 2

ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино на корисниците од паралелниот систем (правни и физички лица) да им испорачува сметки/фактури по цена од 0,25 денари месечно по метар квадратен за дворни површини, почнувајќи од јуни месец и заклучно со декември 2012 година.

За полевањето на површините со јавно зеленило во површина од 124.834 м.кв. ЈКП КОМУНАЛЕЦ како давател на услугите да и фактурира на општина Неготино во периодот од јуни до септември 2012 година месечно по 375.000,оо денари( 124.834 м.кв.Х 3 ден.Х 4 месеци) или вкупно 1.500.000,оо денари. Овие парични средства ЈКП КОМУНАЛЕЦ е должно да ги користи само за плаќање на обврските спрема Водостопанство ТИКВЕШ Кавадарци за користење на вода од паралелниот систем во текот на 2012 година.

Член 3

Ова одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавувена во „Службен гласник на Општина Неготино„.

Бр.07_337/8
29.06.2012 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К
**За објавување на Програмата за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2012 година**

Се објавува Програмата за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2012 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/7
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 84 став 1 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 17/11 и 53/11), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 8 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/11 и 6/11),), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.12..2012 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## За изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2012 година

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2012 година во точка

4.Планирани извори на финансирање на програмата под реден број 4 Средства од Буџет на општина се вршат измени на износот 86744.000,00 денари кој се заменува со износ од 46.750.000,00 денари и вкупно износот од 146.744.000,00 денари се заменува со износот од 133.494.000,00 денари.

Во точка 5.ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ се вршат следните измени:

Во под програма Ф износот од 35.300.000,00 денари се заменува со износот од 37,800.000,00денари, додека во под програмата ФА Уредување на градежно земјиште износот 9.550.000,00 денари се заменува со износот 9.050.000,00 денари.

Во под програмата ФД Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци), износот од 25.750.000,00 денари се заменува со износот од 28.750.000,00 денари.

Во оваа под програма во точка 4 „Изградба на улица во с.Тремник износот од 3.750.000,00денари се заменува со 11.000.000,00 денари. Додека под точка 8 Изградба на пат Неготино – Криволак износот од 8.000.000,00 денари се заменува со 3.750.000,00 денари.

Во под програмата Ј Комунални дејности износот од 75.294.000,00 денари се заменува со износ од 68.794.000,00денари.

Во под програмата ЈД изградба и реконструкција на локални патишта и улици износот од 36.990.000,00 денари се заменува со износот од 32.920.000,00 денари.

Во точка 3 Бетонирање на крак на улица Манчо Малиминов износот 250.000,00 денари се заменува со износ 300 000,00 денари.

Во точка 14 Уредување на порој Маренски уши износот 10.000.000,00 денари се заменува со 4.000.000,00 денари.

Во точка 15 Уредување на улица Фемо Кулаков со тротоар и потпорни зидови износот 3.000.000,00 денари се заменува со износот 1.500.000,00 денари

По точка 16 се додават нови точки и тоа:

Точка 17 Доизградба на улицата Владо Арсов Шпанац и нивно поврзување со новиот мост на Тимјаничка река со износ од 3.000. 000,00 денари.

Точка 18 изградба на потпорен зид и бетонирање на дел од кракот на улица Димче Мирчев со износ од 80 000 ,00 денари.

Точка 19 бетонирање на дел од улицата ЈНА(До ОУ Гоце Делчев) во износ од 200.000,00 денари.

Точка 20 бетонирање на крак од улицата Никола Петров во износ од 200.000,00 денари.

Во под програмата ЈГ Изградба на системи за водоснабдување износот од 7.430.000,00 денари се заменува со износ од 7.502.000,00 денари.

Точката 9 Поставување на водоводна мрежа од извор во место викано Расадник до приклучок на постоечката водоводна мрежа за технолошки потреби во должина од 700м со износ од 1.500.000,00 денари се брише.

По точка 11 се додават нови точки и тоа:

Точка 12 Реконструкција(изместување) на водоводна линија кај новиот мост на Тимјаничка река и линија за водоснабдување на паралелен систем со износ од 1.072 .000,00 денари.

Точка 13 Реконструкција на водоводна мрежа на улица Владо Арсов Шпанац во износ од 500.000,00 денари.

Во под програма ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води износот од 4.574.000,00 денари се заменува со износ од 6.872.000,00 денари и по точка 6 се додава нови точки и тоа:

Точка 7. Реконструкција (изместување) на фекалната и канализациона мрежа под новиот мост на Тимјаничка река со износ од 176.000,00 денари.

Точка 8 Продолжување на канализациона мрежа во село Пепелиште во износ од 350.000,00 денари.

Точка 9 Реконструкција на дел од канализациона мрежа на улица Вано Ташев со износ од 200.000,00 денари.

Точка 10 Реконструкција (изместување) на канализациона мрежа на дел од улицата Дојранска и спојување цо улица Никола Карев во износ од 350.000,00 денари.

Точка 11 Реконструкција на канализациона мрежа на дел од улицата Манчо Малиминов во износ од 200.000,00 денари.

Точка 12 Реконструкција на канализациона мрежа на кракот од улицата Киро Крстев во износ од 722.000,00 денари.

Точка 13 Реконструкција на сливници и шахти за прифаќање на атмосферски води низ градот во износ од 300.000,00 денари.

Во под програмата ЈЛ Други комунални услуги (капитални расходи) износот од 14.000.000,00 денари се заменува со износот 11.000.000,00 денари и точката 2 Уредување на спортски центар во Неготино износот од 7.000.000,00 денари се заменува со износ од 4.000.000,00 денари
Во под програма ЈМ Паркови и зеленило(капитални расходи) износот од 7.000.000,00 денари се заменува со износот од 7.200.000,00 денари и по точка 5 се додава нова точка 6 Уредување на јавна површина во с.Црвени Брегови во износ од 200.000,00 денари.
Вкупниот износ од 119.594.000,00 денари се заменува со износот од 106.344.000,00 денари.

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во,,Службен гласник на Општина Неготино,,.

Бр.07_337/9
29.06.2012 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавно зеленило и парковски површни на општина Неготино за 2012 година**

Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавно зеленило и парковски површни на општина Неготино за 2012 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/8
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 4 од Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ бр. 45/97,23/99,45/02,16/04 I 5/09) и член 79 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр 3/06, 2/11 I 6/11), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 29.06.2012 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавно зеленило и парковски површни на општина Неготино за 2012 година**

Член 1

Во Програмата за одржување на јавно зеленило и парковски површни на општина Неготино за 2012 година во точка 4.Финансиски средства во табелата „Расходи“ во програмата Ј7 „Одржување и користење на паркови и зеленило“ **се додава нова точка 3 „Полевање со каналска вода на паркови и зеленило “ со износ од 1.500.000,оо денари** и вкупниот износ во оваа табела од 1.500.000,оо денари **се заменува со 3.000.000,оо денари.**

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,, Сл.гласник на општина Неготино,,.

Бр.07_337/10
29.06.2012 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за волонтери во општина Неготино за 2012 година**

Се објавува Програмата за волонтери во општина Неготино за 2012 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/9
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 6 став 1 алинеја 5 од Законот за волонтерството (,, Сл.весник на РМ ,, бр.85/2007 и 161/2008) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/11 и 6/11), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.06.2012 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за волонтери во општина Неготино за 2012 година**

I

Со оваа програма се уредува волонтерството, условите и начинот на вршење волонтерските услуги како и правата и обврските на волонтерите во општина Неготино согласно Законот за волонтерството.

II

Волонтер во општина Неготино е физичко лице со завршено минимум IV степен образование кое дава услуги, вештини и знаење во корист на Општината, на доброволна основа без надоместок или друга лична добивка.

III

Волонтерот за давањето на услугите, знаењата и вештините за работи од надлежност на Општината има право на надоместок на трошоци за храна и трошоци за превоз за доаѓање во Општината за волонтирање и враќање до местото на живеење во висина од 15% од просечната месечна плата во Републиката и трошоци за службени патувања и трошоци за обука доколку за тоа има потреба.

IV

Општина Неготино како организатор на волонтерската работа ќе склучи договори за волонтерство со ангажираните волонтери и ќе води евиденција на волонтерската работа на сите волонтери.

V

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во („Сл.Гласник на општина Неготино“.

Бр.07_337/11
29.06.2012 година

Совет на општина Неготино
П р е т с е д а т е л,
Сашо Николов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за формирање на две комисии за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот**

Се објавува Одлуката за формирање на две комисии за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.06.2012 година.

Бр.08_351/10
04.07.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот („ Сл.весник на РМ„ бр.61/04, 92/07,102/08 и 35/11), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на Општина Неготино„бр.3/06), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.06.2012 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За формирање на две комисии за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот**

Член 1

За утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот која претставува даночна основа за утврдување на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности **СЕ ФОРМИРААТ** две комисии од редот на вработените во администрацијата на општина Неготино во состав:

I.

1. Ристе Ташев дипломиран економист _Претседател на комисијата
2. Дејан Дуровиќ дипломиран економист_член на комисијата и
3.Ивица Златковиќ дипломиран политиколог- член на комисијата

II.

1. Методи Данаилов дипломиран економист _Претседател на комисијата
2. Александар Донов со завршен VII степен на образование _член на комисијата
3. Цветанчо Јанков со завршено средно образование_член на комисијата

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** членовите на овие комисии работите околу утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот да ги вршат за период од 4 години од донесувањето на оваа одлука.

Член 2

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр.07_519/8 од 24.06.2009 година за формирање на комисии за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот донесена од Советот на општина Неготино.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино.

Бр.07_337/12
29.06.2012 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Сашо Николов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 8/2012

1. Заклучок за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на Урбана заедница 3 блок 1 Неготино Стр.1

2. Одлука за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на Урбана заедница 3 блок 1 Неготино Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијативата на „АС-ИНГ“ од Неготино, за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за една парцела за изградба на стопански објект за кп 8094/1-7 КО Неготино во Неготино Стр.3

4. Одлука за прифаќање на иницијативата на „АС-ИНГ“ од Неготино, за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за една парцела за изградба на стопански објект за кп 8094/1-7 КО Неготино во Неготино Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за Кп.бр. 9512/3 и Кп.бр.9516 КО Неготино во Неготино Стр.5

6. Одлука за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за Кп.бр. 9512/3 и Кп.бр.9516 КО Неготино во Неготино Стр.6

7. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела кп.бр. 8118/1-16 КО Неготино Неготино - Општина Неготино Стр.7

8. Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела кп.бр. 8118/1-16 КО Неготино Неготино - Општина Неготино Стр.8

9. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти Стр.9

10. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти Стр.10

11. Заклучок за објавување на Одлуката за регулирање на прашањето за водата од паралелниот систем во Неготино за 2012 годинаСтр.11

12. Одлука за регулирање на прашањето за водата од паралелниот систем во Неготино за 2012 година Стр.12

13. Заклучок за објавување на Програмата за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2012 година Стр.13

14. Програма за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2012 годинаСтр.14-16

15. Заклучок за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавно зеленило и парковски површни на општина Неготино за 2012 година Стр.17

16. Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавно зеленило и парковски површни на општина Неготино за 2012 година Стр.18

17. Заклучок за објавување на Програмата за волонтери во општина Неготино за 2012 година Стр.19

18. Програма за волонтери во општина Неготино за 2012 година Стр.20

19. Заклучок за објавување на Одлуката за формирање на две комисии за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот Стр.21

20. Одлука за формирање на две комисии за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот Стр.22-23